Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 53 ставови 2 и 7 од цитираниот Закон, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.[illegible]241/1 од 1.10.2025 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 година и Заклучокот арх.бр.02-3447/2 од 22.9.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 32-та седница одржана на 22.9.2026 година, го донесе следното

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO D AUDIOVIZUELE
УП1 Број: / Numer: 03-249
23.09.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## Решение
## за преземање мерка - јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ-СТАР ДОО Штип, заради извршена повреда на член 53 ставови 2 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што забавно-информативната емисија – „Bidi svoj“, емитувана на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, на 6 август 2026 година, содржеше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохолниот пијалак – „Smidgin – Вторник“.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 од ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата против издавач на медиум презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 53 став 2 од ЗАВМУ, не се дозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации, а согласно член 53 став 7 од истиот Закон не е дозволен каков било облик на аудиовизуелна комерцијална комуникација која промовира дрога, цигари или други производи од тутун, електронски цигари и средства за нивно дополнување, како и алкохол и алкохолни пијалаци, освен вино и пиво.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 24.8.2026 г., изврши редовен програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип, емитуван на 6.8.2026 г., на регионално ниво, при што констатираше прекршување на член 53 ставови 2 и 7 од ЗАВМУ (недозволени прикриени аудиовизуелни

комерцијални комуникации и недозволени комерцијални комуникации за алкохол и за алкохолни пијалоци).

Имено, со надзорот е констатирано дека спротивно на законските одредби изданието од забавно-информативната емисија „Bidi svoj", емитувано на 6 август 2026 година, во периодот од 04:08:40 до 05:32:52, содржеше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохолниот пијалак - џин „Вторник". Во емисијата реализирана како подкаст, односно долготрајно портрет-интервју со сопственикот на крафт-барот „Вторник" од Струмица, на основна тема – промоција македонски занаетчиски („craft") алкохолни производи и општите пазарни предизвици за малите бизниси - на работната маса, која беше доминантен дел од минималната студиска сценографија, беше поставено шише со фронтално прикажана трговска марка „Вторник" – џин, договорно / по нарачка произведен од скопската дестилерија „Smidgin". Дел од интервјуто, во периодот од 04:24:10 до 04:28:53 беше издвоен и како посебно промотивно препорачување на брендираниот џин „Вторник" – направено преку интервју-дијалог и однапред подготвен чин на дегустација (кофичка мраз, штипка и чаши).

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по датум на сторен прекршок, наслов на емисија и период на емитување, во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип, на 1.9.2026 година, испрати Допис арх.бр.10-3218/2 од 25.8.2026 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 година, со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 3.9.2026 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип, не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 22.9.2026 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 ставови 2 и 7 од цитираниот Закон, точка 4 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка и Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 32-та седница одржана на 22.9.2026 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-3447/2 од 22.9.2026 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип и му се наложува веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 од ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на медиум (радиодифузерот) може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо Стефановски**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, арх.бр.10-3218/1 од 24.8.2026 г.

**Доставено до:**
- ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип;
- Управител на ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип;
- Одговорно лице на програмата во ТРД ТВ – СТАР ДОО Штип;
- Сектор за правни работи и јавни набавки;
- Сектор за програмски работи и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 24.08.2026 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 3218/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** Редовен;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип;
3. **Период опфатен со надзорот:** 6 август 2026 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 24 август 2026 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Член 50-а од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на личните податоци на малолетните лица);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица – пречистен текст** (Бр. 01-4898/1 од 22.11.2024)
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи – пречистен-текст** (Бр. 01-2970/1 од 05.07.2024);
   - **Правилник за спонзорство – пречистен текст** (Бр. 01-4897/1 од 22.11.2024);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија" бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**- (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија" бр. 185/14).
6. **Претходно изречена мерка: /**

## 7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, емитуван на 6 август 2026 година, на регионално ниво, **констатирано е прекршување на членот 53 ставови 2 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** *(недозволени прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации и недозволени комерцијални комуникации за алкохол и за алкохолни пијалоци).*

Спротивно на законските одредби изданието од забавно-информативната емисија „Bidi svoj“, емитувано на 6 август 2026 година, во периодот од 04:08:40 до 05:32:52, содржеше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохолниот пијалак - џин „Вторник“.

Во емисијата реализирана како подкаст, односно долготрајно портрет-интервју со сопственикот на крафт-барот „Вторник“ од Струмица, на основна тема – промоција македонски занаетчиски („craft“) алкохолни производи и општите пазарни предизвици за малите бизниси - на работната маса, која беше доминантен дел од минималната студиска сценографија, беше поставено шише со фронтално прикажана трговска марка „Вторник“ – џин, договорно / по нарачка произведен од скопската дестилерија „Smidgin“. Дел од интервјуто, во периодот од 04:24:10 до 04:28:53 беше издвоен и како посебно промотивно препорачување на брендираниот џин „Вторник“ – направено преку интервју-дијалог и однапред подготвен чин на дегустација (кофичка мраз, штипка и чаши).

**6 август 2026 г.**

| Наслов на емисијата | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| **„Bidi svoj - podcast“** – забавно-информативна емисија; | 04:08:40 | 05:32:52 |

*Цитати од промотивниот дијалог*:

- *Она што ми спомна, пред да започне целосната идеја за подкастот, е џин - „Вторник“;*

- *Тоа е најновиот производ на „Вторник“. Тоа се случи пред една година, бидејќи – Smidgin е првиот крафт-џин во Македонија. Значи првпат во Македонија имаме направено small-batch gin со комплетно македонски производи. Тоа е џин што се прави во Скопје, а се прави од цела смрека што расте на Галичица и на Шар Планина. Инаку, Smidgin е во сопственост на еден човек од Шкотска и на еден човек од Охрид, кои имале идеја да направат сопствен џин. Тука се раѓа Smidgin. Ние, бидејќи на почетокот баравме мали, крафт-производители, така налетавме и на Smidgin, и еве веќе четврта година имаме супер соработка, а од лани тие дадоа идеја „Вторник“ да биде првиот бар што ќе добие сопствен џин. Има три вида Smidgin – „London dry gin“, „Velvet“ со лаванда, „Orient“ со цимет и со анасон, и еве сега добива и нов производ под лејбелот – „Вторник“, кој е комплетно различен вкус. И, кога разговаравме кој вкус да доминира, јас сакав*

*да најдам некој вкус што ќе означува, што пак ќе има приказна за струмичкото поднебје, и искрено се распрашував по бабите низ маало, и со мајка ми разговаравме, и сфативме дека во Струмица, порано скоро секој двор или во градот имало многу дрвја со смокви. Одлучивме Smidginot „Вторник“ да има нота на смоква.*

- *Кажи ми каде сè се дистрибуира и се продава Smidgin - „Вторник“?*

- *Брендот Smidgin - „Вторник“ во моментов се продава само во крафт-бар „Вторник“, а ако има заинтересирани, некои производи продаваме како пратка во пакети, по карго или онлајн. Сега засега Smidgin - „Вторник“ го има само кај нас, но наскоро почнуваме низ цела Македонија, а сакаме да го нудиме во локали што сепак имаат приказна, што знаат да го ценат македонскиот крафт-производ и мислам дека ќе почнеме да соработуваме само со такви локали, а исто така ќе го има да се купи онлајн за дома, за приватни забави и слично.*

**8. Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 53 ставови 2 и 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, забавно-информативната емисија – „Bidi svoj“, емитувана на телевизискиот програмски сервис ТРД ТВ-СТАР ДОО Штип, на 6 август 2026 година, содржеше прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации за алкохолниот пијалак - „Smidgin-Вторник“.

**9. Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4241/1 од 01.10.2025 година, да му наложи - <u>веднаш по приемот на решението</u> да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***